**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 25 декември 2000 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 14,20 часот.

Со продолжението на седницата претседаваше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам пратениците да влезат во салата и да влезат и да седнат на своите места за да можеме да продолжиме со работа.

Молам, пратениците да притиснат едно од копчињата од системот за гласање за да утврдиме точен број на присутни пратеници.

Пратениците притискаат на едно од копчињата.

Во моментот во салата се присутни 60 пратеници според системот за гласање.

Молам службите да ги пребројат присутните пратеници заради утврдување на точниот број присутни пратеници во салата.

(Надлежните служби ги пребројуваат присутните пратеници).

Во салата се присутни 63 пратеници.

Имаме доволен број на пратеници, можеме да продолжиме со работа.

Продолжуваме со работа по Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија

Пратениците Љупчо Анушев и Ванчо Георгиев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на денешната седница.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми од мое и Ваше име на граѓаните кои денес го слават верскиот празник Божик да им го честитам празникот.

Продолжуваме со претрес по Информацијата за досегашните активности за продажбата на Македонски телекомуникации и идните намери на Владата на Република Македонија.

За збор е пријавен господинот Наќе Стојановски, но не е тука.

Има збор господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

По оваа одлука на Владата јас немам друг коментар.

Што ќе дискутирам кога тоа веќе е завршена работа.

Се повлекувам од дискусија немам коментар.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Пратениците Наќе Стојановски и Мевљан Таири, се пријавени за дискусија, меѓутоа не се присутни.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 14,25 часот).